во Германија и двајцата се починати и не формираа семејство. Ленка се мажи за босанец Париповиќ и има син Зоран и ќерка Душка. Синот Зоран Париповиќ погина во воените дејствија при распаѓањето на Југославија и е внесен на Споменик во Сараево. Душка е мажена и има две деца и отселени се во Детроит САД. Само Зоран Богдановски остана да живее во Лешок.
Му благодариме на Зоран Јорданов Богдановски - Парип, кој ми даде информации и слики за семејството на Јордан.
Од овој род се сели Мисо заедно со синовите Трпе и Мито во Пловдив, Бугарија, каде работаат како фурнаџии и таму остануваат да живеат со фамилиите. Види, ( Р. бр. 8, стр. 66 ).
Од овој род е Јордан Тодев Богдановски (1910-1963) е ранет во нога во Втора светска војна, при борбите на Сремски фронт. Види, поднаслов: ЛИЦА РОДЕНИ И СО ПОТЕКЛО ОД ЛЕШОК, ДАРУВАА ЖИВОТ ЗА ЛЕШОК И МАКЕДОНИЈА ( Р. бр. 25, стр. 187-188), како и истиот поднаслов во оваа книга.
Од овој род е познат Ѓоро, син Цветков, кој бил комита и погинал 1905 година во Илинденско востание. Види,( Р. бр. 17, стр. 13-16 и 47-49 ). http://spiroski.com.mk/
Од овој род моја генерација е Мирко Ј. Богдановски, учеше една година пред нас во Какањ, БиХ, кај што му беа родителите. Мирко е син на Сунѓа и Јордан Тодев Богдановски. Мирко има два брата Димко и Зоран и сестра Ленка. Димко и Мирко се починати. Ленка живее во Сараево и има син Зоран кој погина во 1999 год., при распаѓањето на Југославија и ќерка Душанка Париповиќ (Duska Paripovic), која е мажена, има два сина: Дарио (Dario) и Александар и живее во Детроит, САД. Со Мирко Богдановски-Парип, сме Генерација и напишав кратка биографија во моите книги, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 147-150 и стр. 189 и Р. бр. 25, стр. 62-64 ). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 143-144, 152, 183, 211, 223, 231, 265 ), **Мисооj, Мазаракооj, Петкоан, род, слава, Споменик, Цанини,**

|  |  |  |  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јордан + | Ленка + | Мирко + | Душка | Зоран | Душанка | Дарио | Бранче |

# 32. Момирооj

**Момирооj** е **стар** род од Лешок, од Тенеќе маало, домашна слава е **Митровден**. Види, родови во Лешок, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 -157 во ТОМ-1 и Р. бр. 18, стр. 154 ). http://spiroski.com.mk/
Во книгата ЛЕШОК ( Р. бр. 8, стр. 64-66 и стр.286), запишано е дека потомците на Деспот се во родот Момирооj. Но, јас, од никого не сум слушнал дека аџо Томе, Филип и Ѓорче се од Момирооj, туку, дека се од родот Ѓурчеej односно род Деспотооj.
Од родот Момирооj јас го познавав дедо Симче Момировски, кој бил војник во Прва Светска војна, со дедо ми Трпо Онуфриевски и имам слика од 1917 година, каде се заедно сликани. Подолу давам портрет од Симче и др. ( Р. бр. 5 и 15, стр. 45 и 46, Р. бр. 8, стр. 64-66 и Р. бр. 17, стр. 25-28, 47-49 и 69). http://spiroski.com.mk/
Од големиот род Момирооj е формирана нова лоза- која прераснува во нов род Сољооj, во кој е омажена баба Спасена(09), сестра на дедо ми Тоде(07) од родот Котлинци од Јанчиште. Јас, добро ја знам баба Спасена (09), која беше слепа и имаше два сина: вујко Лазо(36) и вујко Јоанче(37) и ќерки Епса и Пандора. Вујко Лазо(36) ги има синовите Никче(126) и Диме(127) и ќерките Трпана и Спасена. Вујко Јованче Момировски има синови Јордан(130) и Петко(131) и ќерка Дафинка. Види, (

Р. бр. 22, стр. 825 – 847 во ТОМ-2 и таб. бр. 20, стр.1090-1103 во ТОМ-2, Р. бр. 5 и 15, стр.160-162 и Р. бр. 16 ). http://spiroski.com.mk/

Дедо Симче Момировски-Мула имаше шет деца, од првиот брак има 5 деца: Славе, Ќирко, Крсто, Јагода и Костадинка и од вториот брак жена му била Гуга од Брезно, која ја донела ќерката Ѓурѓана (Ѓурѓа).

Би сакал да запишам дека на 20.12.2025 година, разменивме пораки на ФБ со Сашко Момировски, кој е во Детроит САД и вети дека ќе ми даде податоци за неговото потекло и фамилија. Сашо тоа што го вети и го исполни.

**Славе** со сопругата Ленка има два сина Душко и Трипун и ќерка Јасминка.

**Душко Симчевски** работеше на бензинска пумпа на Макпетрол, Тетово. Душко со сопругата Станка од Пожаране имаат ќерка **Анета Симчевска м. Ацоска**, која е професор во Гимназија Кирил Пејчиновиќ, Тетово. Анета со Тони Ацовски од Тетово, со потекло од Палчиште, имаат два сина, Христијан и Дени Ацовски. Голема благодраност до Анета за одличната комуникација и соработка.

**Трипун Момировски** со Добрица од Вратница имаат три сина: Сашо, Предраг и Славиша.

**Сашо** Момировски со Даниела Анѓелковска од Тетово имаат синови, Тино и Мајкл и ќерка Саманта. Мајкл со сопругата Кортни имаат син Ензо.

**Предраг** Момировски има три сина, Дејвид, Данијел и Алекс и две ќерки Џесика и Мелани. Мелани е мажена за Валентин Исајловски од Брвеница.

**Славиша** Момировски и Јасмина Јовановска од Тетово имаат ќерка Теодора и син Константин.

Трипун се отсели во САД во Мичиген и целото семејство живее во САД. Јас се запознав со Предраг Момировски за време на Воениот конфликт во 2001 година преку активсностите на Здруението ЛЕШОК, Скопје и Клубот ЛЕШОК во Детроит и сме ФБ пријатели, а со Сашо Момировски е запознав во декември 2025 година и комуницираме на ФБ и Вибер и сакам да му се заблагодарам во име на Лешок и Македонија, за неговата одлична соработка и комуникација, кој ми испрати многу вредни податоци и слики за лицата од родот Момирооj во САД и Македонија.

**Јасминка** Лазаревска девојка Момировска, со мажот Слободан Лазаревски од Гостивар имаат две ќерки Биљана и Јелена. Биљана е мажена за Светозар Ѓорѓевски од Вратница, живеат во САД и имаат деца Шан и Брижит, а ќерката Јелена со мажот Тихомир Јанески има две деца Мила и Бојан.

**Ќирко** Момировски или Атанасовски, не знам точно е втор син на Симче, кој е отселен во Белград и со сопругата од Теарце имаат син, кој млад починува и ќерка Снежана Матејас, мажена за хрват во Шабац. За Ќирко немам други податоци.

**Крсто** работеше во ресторантот во Арабати баба Теќе, Тетово. Крсто има ќерка Гена и син Аце. Аце има три ќерки: Ана, Катерина и Силвана, а Гена Николовска е мажена за Будимир, живеат во Сиднеј и има два сина.

**Јагода** е мажена со Борис Станковски, која е од дедо Симче од родот Момирооj и имаат син Стојанче и ќерка Светлана. Стојанче Станковски и Марија од Чешка имаат три деца: Мирослав, Борислав и Христина. За Светлана не располагам со податоци.

**Костадинка** ( Коца) е мажена за Божин Глигуров Филиповски од Такарооj, кој се отсели во Тетово и има син Младен, кој е две генерации помлад од мене и внук Бошко.

**Ѓурѓана ( Ѓурѓа)** е мажена во Скопје и има две ќерки, Снежана, која работеше во Извршен совет во РМ, а за втората ќерка немам податоци. Разговарав со Петко Момировски, денес, 28.12.2025 год. кој ми даде многу податоци за родот Момирооj и новиот род Сољооj.

Во книгата на Илија Петрушевски пишува дека дедо Симче имал и ќерка Ѓурѓана, но, Сашо на ден 27 Декември 2025 год. по Месинџер ми пиша дека тоа е грешно и дедо Симче имал само две ќерки Јагода и Костадинка (Коца). На 28 декември 2025, разговарав на телефон со Мара, ќерка на Петре од Станкооj, која ми рече дека Ѓурѓа ја донесла Гуга од Брезно, втората жена на дедо Симче.

Од родот Момирооj, Јас, го познавав и дедо Ѕако Момировски, кој имаше син Петре. Дедо Зако и дедо Симче се први братучеди. Аџо Петре Момировски со Верка од родот Станкооj имаат три: сина Борис, Блашко и Александар.
Борис со Јорда од родот Костадинооj од Лешок имаат две ќерки Гордана и Јулијана,.
Блашко со Лефтерка имаат два сина Петре и Златко. Петар има син Оливер и ќерка Христина и Златко има син Матеј и ќерка Елена.
Александар (Санко ) со Мирјана од Тетово имаат ќерка Оливера и син Воислав. Оливера со Чедо Златевски од Брвенце имаат ќерка Алисија и син Алекс и живеат ви Хамбург, а Воислав Момировски е забо лекар и работи во фамилијарната Забана ординација Д-Ацо во Тетово, заедно со неговите родители, кои се заболекари.
Од родот Момирооj во 1942 година во Втората Светска војна, загинат е Благуњ Петруш Момировски и Ѓоко (263) Лазаревски, син на Диме(127) во Воениот конфликт 2001 година, а денес, издвоената лоза-род Сољооj од Лешок (Р. бр. 22, стр. 769 - 810, и Табела бр.20-Родот Котлинци, стр. 1090-1103- во ТОМ -2, Р. бр. 17, стр.38, 41, и 46 – 49 и Р. бр. 25, стр. 105 ). http://spiroski.com.mk/
Од овој род е Борис П. Момировски -Лешанин, професор по македонски јазик во Гимназија Кирил Пејчиновиќ, Тетово. Борис има напишано текстови во неколку книги и часописи, а посебно за Лешочкиот Поменик и Огледало на Јеромонахот Кирил. Види: ( Р. бр. 10, 16 и 24 ).
Борис е голем вљубеник во спортот како спортист и тренер и има големи заслуги за афирмацијата на Лешок преку спортот ( фудбал, одбојка и др), преку ФК Оникс и Одбојкарски клуб Лешок. На 18 ноември 2025 година му се јавив на телефон и ме извести дека работи по мојата молба и при крај е со родовското Стебло на родот Момирооj, а го замолив да напише и текст за нивниот род и да публикува и книга. Борис ми вети иако рече дека нема фотографии и сл. со селењето. Повеќе за Борис и за спортот во Лешок, Види, ( Р. бр. 3, стр. 279- 286 и Р. бр. 25, стр. 96 - 97).
Од родот Момирооj ги знам вујко Јованче Момировски, син на баба Спасена од родот Котлинци од Јанчиште (Р. бр. 22, стр. 769 - 810 и Табела бр.20 -Родот Котлинци, стр. 1090-1103- во ТОМ -2) и со сопругата Љубица од родот Љезооj од Лешок ( **29. Љезооj** ), имаат три деца: Јордан, Петко и Дафинка Момировски.
Иста генерација сме и основно и Гимназија во Тетово, заедно учевме со Александар (Санко) Момировски, стоматолог, а со Дафинка Момировска, заедно учевме до осмолетка. За Јордан, Дафинка и Александар Мимировски имам запишано кратка биографија. Види, (Р. бр. 12 и 14, стр. 133, 147 и 177-185, Р. бр. 19, стр. 19-56 и стр.76-142 и Р. бр. 25, стр. 62-63, стр. 87-88 и 121 ).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, 24, 25, 72, 154, 211, 223, 228, 231), **бач, Бачило, Ѓурчеej, Момирооj, род, слава, Сољооj, Споменик, Станкооj,**



| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јоанче + | Јордан + | Петко | Борис | Блашко | Дафинка | Александар | Диме + | Ѓоко + |

xxx



| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Воислав | Христина | Јовица | Соња | Гоце | Стефани | Душко + | Анета | Христијан |

xxx



| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Симче + | Славе + | Крсто + | Јагода + | Трипун + | Сашко | Предраг | Никола | Гена |

# 33. Нањабукооj

**Нањабукооj** е **стар** род од Лешок, слава е **Св. Никола**. Живеат во Тенеќе маало. Може да се сретнат и како Станчееj, Тошеќееj, Џарлооj, но, jас, сум слушал дека се посебен род, кој го ословуваме Нањабукооj. Потомците од наброените родови треба да го утврдат своето потекло и дали имаат заеднички корени.

Од овој род jас ги знам браќата Блаже и Трипун и нивните деца. Аџо Блаже имаше два сина Ристо и Борко и ќерка Љубица, а Трипун имаше две ќерки Снежана и Јасминка.

Моја генерација 1949/50 е и заедно учевме со Ристо Б. Кипровски, кој играше голман за ФК Оникс, Лешок, а беше одбојкар на ОК Лешок и ОК Љуботен.

Ристо има сестра Љубица, која беше генерација со сестра ми Милица, а брат му Борко, беше помлад од него. Борко беше одличен одбојкар во ОК ЛЕШОК, Лешок.

Борко Кипровски – Нања има син Јове Кипровски, кој е возач и живее во Италија и ќерка Цветанка.

Ристо Кипровски (1949 – 2023) го ословувавме со Ристо Нања или Ристо Нањабук. Ристо има син Љупчо и ќерка Лидија. Љупчо има два сина, Филип и Кристијан, а Лидија има две ќерки Мирјана и Ивана. Види ( Р. бр. 1 и 22, стр. 152-157 во ТОМ-1, Р. бр. 3, стр. 332-336, Р. бр. 8, стр. 72 и 291 и Р. бр. 12 и 14, стр. 129 ) и ( Р. бр. 23, стр. 332-333 и Р. бр. 25, стр.55-56 ). http://spiroski.com.mk/

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 158, 167-168, 211, 223, 234, 260-262, 279-280,), **Нањабукооj, одбојка, род, слава, Станчееj, ФК Оникс, Џарлооj,**



| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Љубица + | Ристо + | Борко + | Љупчо | Јове | Филип | Мирјана | Ивана |

# 34. Нешооj

**Нешооj** е **нов** род од Лешок, на кој домашен празник е **Митровден**. Живеат во Тенеќе маало. Од овој род jас ги познавам двете сестри Стеванка и Божана, кои се ќерки на Димче.

**Стеванка** е мажена за Ане од Непроштено, кој е дојден за домазет и во бракот имаат две ќерки: Душанка и Љубица.

**Божана** е мажена за Петре од родот Станкооj од Лешок и имаат еден син Борис и четири ќерки: Мара, Грозда, Добринка и Снежана. Види, Станкооj ( Р. бр. 49 ).

Инаку, на Стеванка и Божана татко им се вика Димче, а дедото Нешо, со потекло од селото Чучер, Скопско. Нешо имал два сина Димче и Никола. Никола по Првата св. војна се отселил во Варна.